

Добре дојдовте во светот на подмладувањето.

Ова е местото каде што можете да го добиете навидум недостижното. Како резултат на долгогодишни истражувања, сега подмладениот изглед може многу лесно да се зачува. Суперефикасните, напредни производи ќе го запрат времето.

Линијата Anew е создадена само за вас.

ANEW

Одберете ја вашата најсоодветна нега на кожа

линии од пресушување, непријатно чувство на затегнатост, уморна кожа

AQUA YOUTH 20+ стр. 12

свенатост, умор, тенки линии, проширени пори

VITALE 25+ стр. 14

брчки, благо губење на цврстината, дисколорации

REVERSALIST 35+ стр. 18

длабоки брчки, изгубена еластичност, отеченост, брчки на слепоочниците, дамки од стареење

ULTIMATE 7S 45+ стр. 22

изгубена дефиниција на контурите, свенатост, длабоки брчки, губење на боја и хидратација

PLATINUM 55+ стр. 26

за секоја возраст: тенки линии и брчки, изгубена цврстина, уморна кожа без здрав изглед

CLINICAL *за секоја возраст* стр. 28

тенки линии и брчки, изгубена цврстина, кожа на која ѝ недостига здрав изглед

GENICS *за секоја возраст* стр. 32

ANEW

Откријте ги Anew

Неспоредливо искуство:

Уште од самото започнување со работа во 1992 г., Институтот Anew ги брани жените во борбата против стареење на кожата. Денес, тој е еден од најсовремените центри за истражување и развој, со најсовремената технологија која постои во индустријата која вбројува врвни, современи центри од таков карактер. Први производи на пошироките пазари со AXA, прв двоен третман за околу очи кој го зацврстува целиот предел околу очите, 30 патентирани технологии - ова се само неколку од многубројните достигнувања на Институтот Anew.

Првиот крем Anew

Ефикасност и безбедност:

Сите производи Anew подлежат на строги клинички тестирања и испитувања со корисници. Ние соработуваме со бројни светскипризнаени универзитети, дерматолози и експерти за убавина. Секое откритие на Anew е постигнато со помош на тим кој обично се состои од околу 200 научници, доктори на науки, хемичари, клинички аналитичари и специјалисти за однесување на корисниците. Безбедноста и ефикасноста на сите производи Anew секогаш се докажуваат преку испитувања.

Луксузни формули:

Сите производи Anew имаат ексклузивни формули кои бргу се впиваат и кои вреди да се пробаат. Нивната сложеност и активни состојки придонесуваат за целокупната безбедност и ефикасност, се борат против многубројните знаци на стареење и, што е уште поважно, ја снабдуваат кожата со сите неопходни хранливи состојки преку ден и ноќ.



Технолошки откритија:

Anew е пионерот и првенецот во многу технолошки откритија. Само за едно откритие може да бидат потребни 7 години напорна работа. Ние бевме првите кои ги воведовме производите со технолошки откритија - во 1992 г. AXA-киселините, во 2003 г. технологијата Derma 3X, сè на сè, вкупно 30 патентирани технологии.

1, 2, 3... до кожа со подмладен изглед!

85%* од дерматолозите се согласни дека дневниот режим кој вклучува гел за чистење, дневен хидрантен крем со ЗФ**, ноќен крем и крем за околу очи е еден од најдобрите начини како да се изборите против знаците на стареење.

*дерматолошко истражување 08-155 со 201 учесник
**со минимум ЗФ 15

1 чистење

Зошто? Покрај тоа што ќе ги отстранат вишокот себум, шминка и нечистотии, производите за чистење лице против стареење ги отстрануваат и мртвите клетки, ја освежуваат и ревитализираат кожата за подмладен изглед.

Како? Користете секојдневно, наутро и навечер. Исплакнете со топла вода и исушете ја кожата.

2 хидратација

Зошто? Кремовите се грижат вашата кожа да биде соодветно хидрирана и воедно се борат против знаците на стареење. Дневните кремови видно ги намалуваат знаците на стареење и ја заштитуваат кожата со ЗФ и УВА/УВБ филтри. Сите дневни кремови Anew содржат ЗФ од најмалку 20. Ноќните кремови се активни додека спиете - периодот кога кожата најдобро се регенерира.

Како? Нанесете наутро и навечер на чиста кожа. Започнете со нанесување на кремот на средината од челото со кружни движења нанадвор. Избегнувајте го чувствителниот предел на очите. Продолжете со нанесувањето долж вилицата, околу устата и на образите. Понатаму, со нагорни движења вмасирајте од кремот на вратот и брадата.

3 нега на пределот околу очите

Зошто? Кожата околу очите е потенка и затоа е повеќе склона кон стареење за разлика од другите делови на лицето. Производите за нега на пределот околу очите се создадени видливо да ги намалат знаците на стареење, како темните кругови под очите, подочниците, потеченоста и брчките на слепоочниците кои се јавуваат во тој предел.

Како? Нанесете на кожата под очите и натапкајте го со врвот на домалиот прст. Не ја растегнувајте деликатната кожа. Кремовите за околу очи треба да се користат наутро и навечер.

дополнителна нега

Зошто? Специјалните производи, како серумите, се базирани на концентрирани формули кои делуваат поефикасно. Препорачливо е да се употребуваат кога вашата кожа е уморна или сува и кога ѝ е потребна интензивна регенерација. Серумот има полесна формула, што го прави соодветен за масна кожа и воедно делува одлично со шминка.

Како? Во зависност од производот, користете го наутро и/или навечер на чиста кожа.

ANEW

Поканете - Покажете - Инспирирајте

Станете амбасадорка на Anew!

Современите жени се подобро информирани кога станува збор за нега на лице и знаат дека главните улоги ги заземаат производите со најнапредна технологија. Модерните жени знаат дека ефикасноста на козметичките производи може да се гарантира само доколку соодветно се грижите за вашата кожа. Токму тоа е она што ги обележува Anew! Тогаш, како да ги препорачате?

Поканете:

Поканете ги сите ваши корисници да се придружат на Клубот на Anew и организирајте состанок. Понудете им мостри и охрабрете ги да ги пробаат производите. Размонувањето искуства за производите кои ги пробале можат да бидат одлична можност за зголемување на заштедите.

Покажете:

Откријте повеќе!

Советот е најдобредојден. Како професионална амбасадорка, подгответе се за таа улога. Посетете ги часовите на Академијата за убавина, е-курсеви и вебкаст. За повеќе детали, посетете нè на www.avoncosmetics.com.mk

Употребете ги вашите алатки!

Кога зборувате за производите со некој ваш корисник, покажете ѝ ги понудите од брошурата, дајте ѝ мостри и овозможете ѝ да ги проба ДЕМО производите. Така ќе допрете до сите сетила на корисникот, што најверојатно ќе придонесе за порачка на одредени производи.

Бидете пример!

За да се подготвите добро за улогата на амбасадорка на Anew, најпрво вие пробајте ги производите. Вашиот ентузијазам може да делува наоколу. Кажете им на корисниците за промените кои сте ги забележале по користењето на производите.

Инспирирајте:

Препорачајте комплексна нега на кожа!

Експертите се согласни дека негата на кожа бара режим кој се состои од 3 чекори. Препорачајте ѝ да го порача целиот комплет производи. Корисникот ќе добие подобри резултати, а вие ќе ги зголемите вашите заштеди.

Отстранете ги сомнежите на вашите корисници!

Доколку вашиот корисник се сомнева дали да го порача целиот комплет, искористете ја техниката на намалување на цената и пресметување на дневните трошоци за нега на кожата, со претпоставка дека комплетот ќе трае 90 дена. Вашиот корисник ќе се изненади всушност колку малку чини дневната нега која овозможува младешки, здрав изглед на нејзината кожа.

Комплет Vitale, цена 2060 ден/90 дена = 22 ден. дневно
Комплет Reversalist, цена 3500 ден./90 дена = 38 ден. дневно
Комплет Ultimate, цена 4400 ден./90 дена = 48 ден. дневно

Работете на лојалноста на вашите корисници!

Натерајте ги корисниците да се вратат по уште производи на Anew. Кога веќе знаете кои производи ги користи, привлечете ѝ го вниманието на специјалните понуди од последната брошура. Таа ќе го цени тоа што се грижите за нејзините потреби. Искористете ги спомнатите совети за да ги зголемите придобивките од тоа што ќе ги препорачате производите Anew. Ова е најбрзиот и најефикасниот начин на зголемување на бројот на порачки.

AQUA YOUTH 20+

ПРОБЛЕМ:

Линии од пресушеност, непријатно чувство на затегнатост, уморна кожа.

ТЕХНОЛОГИЈА:

Производите Aqua Youth се базираат на H2O Power технологијата, формулирана да ја зајакне моќта на внатрешната вода во кожата за да го удвои нивото на хидратацијата и да ѝ помогне на кожата да се одбрани од надворешниот стрес, кој води до предвремени знаци на стареење.

24-ЧАСОВНА ХИДРАТАЦИЈА*

*Се однесува на гел-кремот и кремот за околу очи Anew Aqua Youth

РЕЗУЛТАТИ:

Нивото на хидратација на кожата се удвојува, се намалува чувството на затегнатост. Кожата станува мазна, еластична и отпорна на надворешниот стрес.

Обичните кремови ги хидрираат само горните слоеви на епидермата, а не ја задржуваат водата во клетките.

H2O технологијата оди чекор подалеку - формулирана е да го задржи оптималното ниво на хидратација на кожата, помагајќи ѝ правилно да функционира и да ја заштити од надворешниот стрес.

Заштитете ја младоста на вашата кожа

ГЕЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ ЛИЦЕ ANEW AQUA YOUTH
125 мл

- **ги отстранува нечистотиите и шминката**
- **ја прави кожата хидрирана и освежена**

хипоалергенски

кремаста пенлива формула

Вмасирајте нежно на мокро лице. Исплакнете со топла вода и исушете го лицето со тапкање.

ГЕЛ-КРЕМ ANEW AQUA YOUTH
50 мл

- **ја удвојува хидратацијата на кожата и ги намалува линиите од пресушеност за помлад изглед.**
- **ја одржува кожата хидрирана цели 24 часа***

хипоалергенски

лесна формула која бргу се впива

Нанесувајте на лицето и вратот секое утро и навечер.

*клиничко тестирање 6987 врз 26 жени

ANEW AQUA YOUTH

ПРОБЛЕМ:
Свенатост, умор, тенки линии, проширени пори.

ТЕХНОЛОГИЈА:
Anew Vitale е **збогатена со комплексот ProEnergy**, кој е мешавина од витамини, антиоксиданти и пептиди кои ја зајакнуваат структурата на кожата, ја заштитуваат од прерано стареење и ѝ даваат дополнителна енергија.

РЕЗУЛТАТИ:
Кожата изгледа *одморена, полна со енергија и има здрав и свеж сјај;* тенките линии се исполнети и порите воопшто не се забележуваат.

Почувствувајте ја експлозивната енергија на вашата кожа

ДНЕВЕН КРЕМ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 25 ANEW VITALE 50 мл

- **ја прави кожата да изгледа регенерирана и полна со енергија**
- **по одреден период, тенките линии и проширените пори буквално исчезнуваат**

ѝ дава на кожата мат финиш, не ги затвора порите

лесна формула, прекрасен мирис

НОЌЕН ГЕЛ-КРЕМ ANEW VITALE 50 мл

- **ја прави кожата да изгледа одморено како по 8-часовен сон***
- **го отстранува стресот од кожата и овозможува совршен изглед без видливи пори**

не ги затвора порите

формула која одлично се впива

*базирано на 4-неделно испитување на корисници 11-135 со 140 учесници

ANEW VITALE

85% ОД ЖЕНИТЕ ПОТВРДИЛЕ ДЕКА ВИДНО ГИ ОТСТРАНУВА ЕФЕКТИТЕ ОД НЕДОВОЛЕН СОН И УМОР НА ЛИЦЕТО*

“Со ANEW VITALE ИЗГЛЕДАМ ОДМОРЕНО и кога не сум”

*8 испитување на корисници 12-001 на 150 учесници

ГЕЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЛИЦЕ ANEW VITALE
125 мл

- **2 во 1 - ги отстранува нечистотиите и и дава енергија на кожата**

Нанесете на мокри дланки, напенете добро и вмасирајте на кожата на лицето. Исплакнете и исушете со тапкање на крпата.

ГЕЛ-КРЕМ ЗА ОКОЛУ ОЧИ ANEW VITALE
15 мл

- **пределот околу очите изгледа освежено и одморено и потечените подочници се намалени, дури и доколку не сте имале долг сон.**

офталмолошки тестирано

бргу се впива и делува одлично и под шминка

ДНЕВЕН ЛОСИОН ANEW VITALE
50 мл

НАСКОРО

КРЕМ-БАЛСАМ ЗА ЛИЦЕ СО ЗФ 20 ANEW VITALE
30 мл

НАСКОРО

ANEW VITALE



REVERSALIST 35+

ПРОБЛЕМ:
Брчки, благо губење на цврстината, дисколорации.

ТЕХНОЛОГИЈА:
Activinol технологијата е создадена да поттикне брза реакција. Кога кожата е ранета, таа создава активин, кој овозможува регенерација и заздравување. Режимот на Reversalist со Activinol технологијата е специјално осмислен да го поттикне активинот, да помогне во регенеративните процеси на кожата, како и да помогне во намалувањето на брчките.



РЕЗУЛТАТИ:
Изгледот со брчки и дисколорации е значително подобрен. Кожата изгледа *и се чувствува обновено.*



Брчките се појавуваат како резултат на микрооштетувања на кожата.

Activinol технологијата е создадена да ја поттикне регенерацијата на кожата преку поттикнувањето на активинот. Како резултат, кожата изгледа освежено, а брчките се намалени.

Обновете ја кожата за да ги намалите брчките

ДНЕВЕН РЕГЕНЕРАТИВЕН КРЕМ ЗА ЛИЦЕ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 25 ANEW REVERSALIST 50 мл

- **ја прави кожата да изгледа регенерирано преку целиот ден**
- **значително ги намалува брчките и дисколорациите, кожата се чувствува значително позацврстено***

формула која одлично се впива соодветно за чувствителна кожа

РЕГЕНЕРАТИВЕН НОЌЕН КРЕМ ANEW REVERSALIST 50 мл

- **ја прави вашата кожа позацврстена и ги намалува брчките**
- **кожата изгледа подмладено и освежено**
- **73% од жените кажаа дека за 2 недели кожата изгледа и се чувствува обновено****

формула која одлично се впива соодветно за чувствителна кожа

*8-неделно испитување на корисници 08-252 со 157 учесници

**базирано на 4-неделно испитување на корисници 08-200 со 168 учесници

ANEW REVERSALIST

80% ОД ЖЕНИТЕ забележаа значително намалување на брчките*

„ГЛЕДАМ КАКО КОЖАТА МИ СЕ ОБНОВУВА дел по дел, ден за ден“

РЕГЕНЕРАТИВЕН ПЕНЛИВ ГЕЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЛИЦЕ ANEW REVERSALIST 125 мл

- **2 во 1 ја чисти кожата и овозможува хидратација**

хипоалергенски

Нанесете на мокро лице и нежно вмасирајте. Исплакнете со вода и исушете со тапкање на крпата.

24-ЧАСОВЕН КРЕМ ЗА ОКОЛУ ОЧИ ANEW REVERSALIST

крем 15 мл + стик 2,5 г

1. Двојната формула:

- **Овозможува осветлувачки слој**
- **е лесна кадифена формула која веднаш ги осветлува темните дамки**

Нанесувајте секое утро директно врз кремот до пределот под очите.

2. Крем против брчки околу очи

- **Видно ги намалува темните кругови, тенките линии и брчки.**

Нанесувајте секое утро и навечер на горните капаци, под очите и на слепоочниците.

РЕГЕНЕРАТИВЕН СЕРУМ ЗА ЛИЦЕ ANEW REVERSALIST

30 мл

- **Серумот со исклучително концентрирана формула ја прави кожата да изгледа преродено.**
- **75% од жените се чувствуваа како кожата да им се преродила преку ноќ****

интензивно ја регенерира кожата, ги намалува брчките и дисколорациите

Секое утро и секоја вечер нанесувајте под хидрантниот крем.

**базирано на 4-неделно испитување на корисници 08-201 со 161 учесник

ТОНИЗИРАЧКИ КРЕМ ЗА ЛИЦЕ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 20 ANEW REVERSALIST 30 мл

- **ултралесната формула ја прави кожата да изгледа преродено и го враќа нејзиниот сјај**

хипоалергенски

- **Micro-sheer технологијата овозможува совршено совпаѓање на формулата со секаков тен. Веднаш ја зголемува хидратацијата на кожата и овозможува нејзино тонирање.**

СРЕБРЕНА ЕМУЛЗИЈА 50 мл

- **го поттикнува обновувањето на кожата, ја зацврстува и ги намалува брчките и дисколорациите**
- **по првото нанесување го зголемува нивото на хидратација за 406%*****

лесна гел-крем формула
Ефектите се забележливи по 14-дневно користење

***8-часовно клиничко испитување SO889 со 28 учесници

*со Ноќниот регенеративен крем, од оние кои го искажаа мислењето во испитување на корисниците 08-201.

ПРОБЛЕМ:

Изгубена еластичност, отеченост, длабоки брчки, брчки на слепоочниците, дамки од стареење.

ТЕХНОЛОГИЈА:

Производите Ultimate 7S се формулирани со Pro 7Sirtuin технологијата која влијае врз сите седум младешки протеини (сиртуини) за да ја поттикне работата на клетките и да ги подобри 7-те знаци на стареење*.

*Преку целосна нега со Anew Ultimate 7S.

РЕЗУЛТАТИ:

7 димензии на *кожа со помлад изглед:*

- помалку видливи брчки
- позацврстена кожа
- лифтинг-ефект
- изедначен тен
- помалку видливи дамки од стареење
- обновена еластичност и цврстина на кожата
- измазнета структура на кожата



Изборете се против 7-те знаци на стареење

ДНЕВЕН КРЕМ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 25 ANEW ULTIMATE 7S
50 мл

- **ги пополнува линиите и длабоките брчки**
- **ги намалува дисколорациите**

хипоалергенски

НОЌЕН КРЕМ ANEW ULTIMATE 7S
50 мл

- **видно ја враќа и обновува изгубената цврстина и енергичност на кожата**
- **ги намалува длабоките брчки и ја подобрува еластичноста на кожата****

луксузна и богата формула која одлично се впива

**базирано на 8-неделно испитување на корисници 11-142 со 153 учесници

ANEW ULTIMATE 7S

ГЕЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ ЛИЦЕ ANEW ULTIMATE 7S 125 мл

- **чисти и ја отстранува шминката**

лесна млечна формула хипоалергенски

Користете двапати дневно за да ги отстраните нечистотиите и шминката од лицето и очите. Може да се отстрани со марамче или да се исплакне.

ЕЛИКСИР ANEW ULTIMATE 7S 30 мл

- **прави кожата да изгледа и да се чувствува зацврстено и ги намалува брчките**
- **2-пати поконцентрирана формула од ноќниот крем**
- **видно ги намалува дисколорациите**

хипоалергенски

Нанесувајте секое утро и секоја вечер. Користете го самостојно или со хидрантен крем на Anew.

КРЕМ ЗА ОКОЛУ ОЧИ ANEW ULTIMATE 7S 17.5 мл

Двојна формула

1. Ноќен еликсир

- **ги измазнува брчките, ја враќа еластичноста, ги намалува подочниците и отечените места**

2. Дневен и ноќен крем

- **формулиран е да ги врати контурите со тоа што ја враќа цврстината и еласичноста на целата област околу очите**

хипоалергенски

Нанесувајте од кремот на горните капаци, под очите и на слепоочниците. Нанесувајте од еликсирот под очите и на слепоочниците.

ТОНИЗИРАЧКИ КРЕМ ЗА ЛИЦЕ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 20 ANEW ULTIMATE 7S 30 мл

- **ултралесната формула со заштитен фактор 20 се бори против 7-те знаци на стареење, хидрира и и дава на кожата здрав сјај**
- **Micro-sheer технологијата овозможува совршено совпаѓање на формулата со секаков тен. Веднаш ја зголемува хидратацијата на кожата и овозможува нејзино тонирање.**

ЗЛАТНА ЕМУЛЗИЈА ANEW ULTIMATE 7S 50 мл

- **ги намалува длабоките брчки и ја прави кожата значително поеластична**
- **веднаш ја зголемува хидратацијата за 406%***

Користете 2 недели за да добиете млад изглед и чувство на кожата

луксузна формула со биоактивно злато

ЛИФТИНГ ТРЕТМАН ULTI-MINUTE ANEW ULTIMATE 7S 30 мл

- **за само 30 секунди видно ја зацврстува кожата****
- **веднаш ја подобрува цврстината на кожата за кожа со помлад изглед**

хипоалергенск, лесна формула која е идеална како основа за шминката

Секое утро нежно нанесувајте на чиста кожа со движења нагоре и нанадвор. Користете го самостојно или под хидрантен крем на Anew.

ДНЕВЕН ЛОСИОН СО ЗФ 25 ANEW ULTIMATE 7S DAY 50 мл

*базирано на 3-дневно клиничко испитување 0889 со 28 учесници

**базирано на научно испитување на корисници 0000023066 со 109 учесници

ПРОБЛЕМ:
Изгубена дефиниција на контурите на лицето, свенатост, длабоки брчки, апигментација и дехидратација.

ТЕХНОЛОГИЈА:
Паксилинот може да се спореди со колците на еден шатор. Без нив тој ја губи својата структура и форма. Истото важи и за клетките - за да се одржат младешките контури, неопходна е целосна форма и структура на клетката. Paxillium технологијата е формулирана да го поттикне паксилинот за негово помагање во враќањето на целосната форма на клетките и подобрување на изгледот со свената кожа.



РЕЗУЛТАТИ:
На лицето му се враќаат дефинираните контури, младешката боја и сјајот. Свенатата кожа е минимизирана, а длабоките брчки се помалку видливи.



Паксилинот е најважниот протеин одговорен за младешкиот изглед на клетките. Со самото стареење се намалува и количеството на паксилин во клетките. Како резултат, контурите на лицето се помалку изразени.



Platinum технологијата го поттикнува создавањето на паксилин дури за 60%, за враќање на младешките контури на вашето лице.

Вратете ги дефинираните контури на лицето

НОЌЕН КРЕМ ANEW PLATINUM 50 мл

- **контурите на вратот и вилицата се подефинирани, а брчките се значително пополнети**
- **ги намалува најтемните дамки и видливите дамки од стареење**
- **80% од жените потврдија дека кожата на вратот е позацврстена***
- брзгу се впива

ДНЕВЕН КРЕМ СО ЗАШТИТЕН ФАКТОР 25 ANEW PLATINUM 50 мл

- **го спречува свенувањето на кожата и ги дефинира контурите на лицето**
- **благодарение на микрочестичките кои ја рефлектираат светлината, на кожата ѝ се овозможува блескав финиш за поубав изглед**
- **ги намалува брчките брзгу се впива**

КРЕМ ЗА ОКОЛУ ОЧИ И УСНИ ANEW PLATINUM 15 мл

- **им дава на очите поизразен изглед и помладешка дефиниција**
- **ја прави кожата околу очите и усните да изгледа длабински потхранета**

Со помош на врвот од челичното топче на апликаторот нанесете од кремот околу очите, а со помош на рамниот врв нанесете од кремот на усните.

*базирано на 8-неделно испитување на корисници 09-173 со 151 учесник.

ANEW PLATINUM

ПРОБЛЕМ:
Без разлика на возраста: брчки, досколорации, свенатост, брчки на слепоочниците и околу очите, целулит.

ТЕХНОЛОГИИ:
Производите Anew Clinical претставуваат одлична алтернатива на дерматолошките процедури. Тие содржат посебно одбрани висококвалитетни и ефикасни состојки кои обично во праксата се инјектираат т.е. тие се со ист квалитет како оние кои се користат од страна на дерматолозите во нивните процедури.

РЕЗУЛТАТИ*:
Пополнување на брчките, намалување на дисколорациите, зацврстување, лифтинг-ефект, подобрување на изгледот околу очите, оформување на силуетата, намалување на целулитот.



Огромен напредок во намалувањето на брчките

КОРЕКТИВЕН ТРЕТМАН ПРОТИВ БРЧКИ ANEW CLINICAL PRO 30 мл

- **серумот овозможува целокупен помладешки и помазен изглед**
- **за само 1 недела дури и најдлабоките брчки почнуваат да се губат****

Секое утро и навечер нанесувајте самостојно или под вашиот крем.

КОРЕКТИВЕН ТРЕТМАН ПРОТИВ БРЧКИ ОКОЛУ ОЧИ ANEW CLINICAL PRO 15 мл

- **значително ги намалува длабоките брчки околу очите**

лесен, делува и со шминка

дерматолошки и офталмолошки тестирано

соодветно и за оние кои носат контактни леќи

КОРЕКТИВЕН ХИДРАНТЕН КРЕМ ANEW CLINICAL PRO
30 мл

1 ПРВИ ПРОИЗВОДИ НА ПАЗАРОТ СО МОЛЕКУЛАТА A-F33

ИНСПИРИРАНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО КОЕ ОСВОИ НОБЕЛОВА НАГРАДА

НАСКОРО

ANEW CLINICAL

*во зависност од производот

**11-неделно клиничко испитување KGL7347 со 65 жени

КРЕМ ЗА ЛИФТИНГ НА ЛИЦЕТО THERMAFIRM
30 мл

- **кожата изгледа и се чувствува позатегнато по само 3 дена***
- **го поттикнува создавањето на колаген**

Triple Sonic технологијата е инспирирана од процедурите карактеристични за естетската медицина. Хидролизираниот протеин во комбинација со ултрасонични активни состојки формираат 3Д матрица на вашата кожа. Формулирана е со природни екстракти за да помогне во зацврстувањето на врската помеѓу слоевите на кожата.

ДВОЕН ТРЕТМАН ЗА ОКОЛУ ОЧИ 20 мл

- **го поттикнува создавањето на колаген**
- **веднаш ја зголемува еластичноста на кожата**
- **По 3 дена** кожата изгледа и се чувствува позацврстено и позатегнато**

Гел-крем за горните капаци и аркадите, збогатен со комбинација на инјектирана доза од ПВП и аргинин. Формулиран е да помогне во создавањето на еластинот за зацврстување на кожата.

Крем за подочници

- **со Derma-Refine технологија**.

Ги намалува брчките и значително го подобрува изгледот на пределот под очите.

ТРЕТМАН ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БРЧКИ 4.5 мл

- **формулиран со инјектирана доза на состојки: хијалуронска киселина и потпомагач на колагенот**
- **за 2 недели ги намалува брчките и превоите****

Нанесувајте наутро директно врз брчките.

КОРЕКТИВЕН СЕРУМ ЗА ЛИЦЕ ANEW CLINICAL ABSOLUTE EVEN
30 мл

АНТИЦЕЛУЛИТЕН И ЛИФТИНГ ТРЕТМАН ANEW CLINICAL 150 мл

- **2 во 1: веднаш го ублажува изгледот со целулит и прави кожата да изгледа и да се чувствува позатегнато*****
- **Притиснете на средина од пакувањето за да се истиснат и кремот и гелот. Секое утро и навечер темелно вмасирајте на стомакот, половината, рацете, бутовите, задникот и колковите.**

ТРЕТМАН ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА ТЕЛОТО ANEW CLINICAL PRO 150 мл

НАСКОРО

КОРЕКТИВЕН КРЕМ ЗА ЛИЦЕ ANEW CLINICAL ABSOLUTE EVEN
30 мл

НАСКОРО

НАСКОРО

*8-неделно испитување на корисници 05-061 со 152 учесници

**4-неделно испитување на корисници 10-158 со 144 учесници

***4-неделно испитување на корисници 09-006 со 145 учесници

GENICS *за секоја возраст*

ПРОБЛЕМ:
Тенки линии и брчки, изгубена цврстина, недостиг на здрав изглед на кожата.

ТЕХНОЛОГИЈА:
YouthGen технологијата е создадена како резултат на 10-годишни анализи и истражувања за поттикнување на генот на кожата кој е одговорен за создавање на колаген и хијалуронска киселина, со цел да направат клетките да делуваат поздраво и помладо за подмладен изглед на кожата.

РЕЗУЛТАТИ:
Кожата изгледа дури и за *10 години помладо**, брчките и дисколорациите се намалени, кожата е помазна, поцврста и изгледа поздраво.



*базирано на 8-неделно испитување на корисници 10-152 со 160 жени кои го употребуваа Серумот Anew Genics и на 4-неделно испитување на корисници 10-153 со 160 жени кои го употребуваа Кремот Anew Genics.

ИЗГЛЕДАЈТЕ ДО 10 ГОДИНИ ПОМЛАДО

Ослободете ја мо́кта на вашите гени

СЕРУМ ANEW GENICS
30 мл

- **ја прави кожата да изгледа позацврстено, помладо и ревитализирано**
- **ги намалува мимичките брчки**
- **поконцентрирана формула која бргу се впива**
- **особено се препорачува за масна и комбинирана кожа**

хипоалергенски

Нанесувајте 2-пати на ден на чиста кожа и врат, а потоа нанесете хидрантен крем на Anew.

КРЕМ ANEW GENICS
30 мл

- **кожата изгледа помазно, брчките се помалку видливи, пигментацијата се намалува за 100% за само 4 недели****
- **богата, кремаста формула која интензивно хидрира**

бргу се впива

особено се препорачува за сува кожа

Користете наутро и навечер.

** 12-неделно клиничко испитување KGL7100 со 32 учесници

ANEW GENICS

Речник

АКТИВИН - протеински комплекс кој се создава главно во хипофизата и плацентата. Игра улога во размножувањето на клетките, имунолошкиот одговор, метаболизмот и заздравувањето од рани.

АНТИОКСИДАНТИ - двигатели во процесот на запирање или неутрализација на потенцијално штетните состојки познати како слободни радикали. Антиоксидантите се состојки кои ги заштитуваат клетките од оксидација преку апсорпција на слободните радикали. Меѓу добропознатите антиоксиданти спаѓаат витамините Ц и Е и бетакаротенот. Кога се нанесуваат локално, тие го спречуваат стареењето на кожата со тоа што ги заштитуваат клеточните компоненти како колагенот и еластинот.

БРЧКИ НА СЛЕПООЧНИЦИТЕ - мали брчки кои се јавуваат околу очите, почнувајќи од надворешните агли, најчесто како резултат на изложување на сонце, пушење или недостиг на редовен режим на кожата.

ВИТАМИН А - неопходен за растење и обновување на одредени клетки на кожата. Помага во нејзината хидратација. Недостатокот од овој витамин може да предизвика пресушеност, чешање и губење на еластичност. Во својата природна форма, витаминот А е докажан како многу ефикасен во намалувањето на тенките линии и брчки.

ВИТАМИН Б - антиоксидант, кој ги отстранува слободните радикали кои ги оштетуваат клетките и ткивата. Сите видови на витамин Б придонесуваат за здрава кожа.

ВИТАМИН Е - познат е и како моќен антиоксидант. Витаминот Е помага против оштетувања од сонцето и се бори против пресушеност и знаци на стареење.

ВИТАМИН Ц - познат и како моќен антиоксидант, овој витамин нанесен на кожата помага во нејзината заштита и неутрализација на слободните радикали од директно изложување на УВ-зраци и загадување. Поголеми концентрации на витамин Ц го потпомагаат обновувањето на кожата и го поттикнуваат создавањето на колагенот. Има способност да ја зацврстува кожата и да ги измазни линиите и брчките.

ДИСКОЛОРАЦИЈА - во негата на кожа, со овој термин се опишува неизедначениот тен, кафените дамки, потеченоста, пеѓите, или дамките од стареење како резултат на складирањето на меланин. Главни предизвикувачи се оштетувањата од УВ-зраците, хормоните, акните, болеста или стресот.

ЗФ - (Заштитен фактор) претставува светски систем за мерење на заштитата која ја нуди лосион за сончање. Ја заштитува кожата од штетната активност на УВА-зраците кои се одговорни за оштетувањето на колагенските и еластинските влакна, како и од УВБ-зраците кои предизвикуваат изгореници на горниот слој на кожата.

ИЗЕДНАЧЕН ТЕН - еднаква боја на целото лице; без темни дамки, дисколорации и црвенила.

КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ - организирана процедура во контролирани услови за одредување на безбедност, ефикасност и ефективност на материјалот. Обично вклучува луѓе-субјекти кои имаат дадено потполна согласност.

КОЛАГЕН - главниот структурен протеин на кожата, коските, тетивите, ’рскавиците и сврзните ткива. Има способност да ги ублажува силите на растегнување и да ја одржува рамнотежата во структурата на кожата. Намалувањето на колагенот е поврзано со самото стареење, изложеност на сонце и разни загадувачи, што доведува до линии и брчки.

ЛИФТИНГ - многу помлад изглед, намалување на брчките, дефинирани контури на лицето, зацврстена кожа.

МЕЛАНИН - пигмент кој им ја дава бојата на кожата, косата и очите. Се создава кога УВ-зраците и други надворешни влијанија поттикнуваат иритации, стрес и хормонални активности.

МИМИЧКИ ЛИНИИ - исто така се нарекуваат и динамички брчки, кои се создаваат со контракција на мускулите под кожата која е изложена на контракции. Најчестите места на нивно создавање се помеѓу веѓите, на челото и на образите во близина на надворешните агли од очите, или познати како брчки на слепоочниците. Алтернативен третман за динамичките брчки е вбризгување на Ботокс во конкретни мускули за привремено намалување на нивната активност со што се спречува формирање на брчки.

МОЛЕКУЛИ - хемиски структури кои се содржат од најмалку 2 атома во тесна хемиска врска

ПЕПТИДИ - две или повеќе аминокиселини кои се меѓусебно поврзани. Можат да делуваат и како хемиски медиум. Малите пептиди се користат во негата на кожа бидејќи лесно се впиваат.

ПИГМЕНТАЦИЈА - обојувања на кожата како резултат на зголемено создавање на меланин или акумулација на други супстанци кои бојадисуваат под и на горниот слој од кожата. Може да штити од УВ-зрачење.

СЕБУМ - масна супстанца која се создава од себореичните (масни) жлезди на кожата. Главно се состојат од масти, кератин и клеточен материјал.

СЕРУМ - концентриран третман кој е помоќен од кремовите за лице бидејќи содржи голема концентрација на активни состојки, што придонесува за брзите ефекти по самата употреба. Може да се користи самостојно или под крем за лице.

СИРТУИНИ - група на протеини кои регулираат важни биолошки процеси. Се борат против процесот на стареење, го регулираат стресот и ефикасно овозможуваат енергија, па затоа често се нарекуваат ,,младешки протеини’’.

СЈАЈ - свеж, млад изглед на кожата без натрупување на суви, мртви клетки.

СЛОБОДНИ РАДИКАЛИ - молекули или јони со неспарени електрони кои имат висока активност и можат да оксидираат други молекули. Овие оксиданти можат да предизвикаат оштетување на клетките и да придонесат во процесот на стареење. Слободните радикали се појавуваат во телото преку нормалното дишење, метаболизам и воспаленија; факторите од животната средина кои создаваат слободни радикали се сончевото зрачење и загадувањето. Се верува дека антиоксидантите се борат против негативните ефекти од слободните радикали.

СТРУКТУРА - карактеристичен изглед на површина која може да се напипа. Кај кожата, таа ја опишува нејзината површина - груба, мазна, тенка, дебела, со лузни итн.

ТЕХНОЛОГИЈА - метод на создавање и водење на процес на создавање или обработка на одредени состојки.

ХИПОАЛЕРГЕНСКИ - тестирано на таков начин што се обезбедува дека производот нема да доведе до алергенски реакции.

ЦВРСТИНА - една од карактеристиките на млада кожа. Цврстината најмногу се должи на дермата, чиишто колагенски и еластински влакна овозможуваат еластичност на епидермата. Цврстината на кожата зависи од степенот на хидратација. Колку повеќе кожата задржува вода толку повеќе е поцврста. Дерматолозите тврдат дека цврстата кожа е отпорна, еластична и без брчки. Таа исто така е и мазна, хидрирана, со изедначен тен и блескава.

Fas_1307_0017 34
1/8/13 2:47 PM

AVON

АВОН КОЗМЕТИКС ДООЕЛ
Кукушка 8
1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 32 43 800
Факс: 02 32 43 801

MK 6 9 5 4 1

Водич во
СВЕТОТ НА ПОДМЛАДУВАЊЕТО

ANEW